Врз основа на член 50 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година („Службен гласник на Општина Гази Баба“ бр.24/24 и 7/25), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-2727/2
05.05 2025 год.
СКОПЈЕ

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се определуваат условите, начинот и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за финансиска поддршка наменета за пензионери во социјален ризик, кои се жители на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба имаат сите пензионери кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ја доставиле потребната документација.

### Член 2

(1) Финансиските средства од член 1 од овој правилник за тековната година се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година во согласност со Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година („Службен гласник на Општина Гази Баба“ бр.24/24 и 7/25) и изнесуваат 7.695.000,00 денари.

(2) Финансиската поддршка за тековната 2025 година изнесува 2.500,00 денари по лице/барател без персонален данок на доход.

### Член 3

Вкупните средства од Буџетот на Општина Гази Баба за финансиска поддршка наменета за пензионери во социјален ризик, кои се жители на Општина Гази Баба, за наредните години, во зависност од можностите на општината, ќе бидат определени во годишната програма на надлежниот сектор, а поединечниот износ за исплата по лице/барател ќе биде определен пропорционално со предвидените средства и наведен во Јавниот повик од членот 4 од овој правилник.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 4

(1) За реализација на Општина Гази Баба објавува Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба.

(3) Јавниот повик се спроведува по принципот **“прв дојден - прв услужен”** за период од најмалку 10 работни дена, односно додека не се потрошат предвидените средства во Буџетот на општината за конкретната година.

## ПОСТАПКА , НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

Финансиската поддршка се однесува на следната категорија на граѓани:

(1) Граѓани кои се со постојано живеалиште на територија на Општина Гази Баба.

(2) Приматели на старосна, семејна, инвалидска пензија или социјална пензија (корисници на правото на социјална сигурност на стари лица) чиј износ не е повисок од износот определен согласно податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија за месецот кој му претходи на месецот на објавување на Јавниот повик.

**Член 6**

(1) Барањето за доделување на финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик, го поднесуваат заедно со потребната докуменtција, во затворен плик преку архивата на Општина Гази Баба со назнака **"За Јавен повик за доделување финансиска поддршка наменета за пензионери во социјален ризик, кои се жители на Општина Гази Баба"**.

(2) Кон барањето за доделување на финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик, подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

- Копија од лична карта;
- Копија од трансакциска сметка;
- За корисници на старосна, семејна или инвалидска пензија - доказ за последна примена пензија (потврда/чек издаден од банката во која се прима пензијата - за примена пензија во последните два месеци (кои му претходат на месецот на објавување на Јавниот повик); и
- За корисници на социјална пензија (корисници на правото на социјална сигурност на стари лица) - Потврда / Решение од надлежниот Центар за социјална работа (ЦСР Гази Баба).

(3) Барањето за доделување на финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик мора да биде достапно во просториите на Општина Гази Баба и/или во електронска форма на веб страната на општината, со денот на објавувањето на Јавниот повик.

(4) Барањето со потребната документација се доставува секој работен ден во определениот рок од членот 4 став (3) од овој правилник, во архивата на Општина Гази Баба.

**Член 7**

(1) За утврдување на исполнување на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 од овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија за доделување на финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик, во натамошниот текст (Комисија).

(2) Комисијата е составена од претседател, заменик претседател, 4 (четири) члена и нивни заменици од редот на вработените во општинската администрација.

(3) Комисијата работи на седници кои ги свикува и со нив претседава претседателот на Комисијата.

(4) За својата работа Комисијата составува записник.

**Член 8**

(1) Комисијата ги евалуира пристигнатите барања, го проверува рокот во кој се поднесени барањата, основаноста на поднесените барања и документацијата во прилог.

(2) Комисијата изготвува Предлог-Одлука за финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик, во согласност со овој правилник, која ја доставува на донесување до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Комисијата пристигнатите барања ги разгледува тековно секој ден до завршувањето на Јавниот повик.

(2) Ненавремените и некомлетните доставени барања, Комисијата нема да ги разгледува и истото го објавува на огласната табла на општината (предна канцеларија - едношалтерски систем) и на веб страната на општината.

(3) Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на поднесената документација, а по потреба да се консултира со стручни лица.

(4) Комисијата по завршувањето на постапката за избор во согласност со овој правилник, Одлуката од членот 8 став (2) од овој правилник ја објавува на огласната табла на општината (предна канцеларија - едношалтерски систем) и на веб страната на општината.

(5) Во исклучителни случаи по проценка на претседателот на комисијата, доколку поради бројот на пристигнатите барања, комисијата не е во можност истите да ги евалуира секојдневно, на негов предлог, Градоначалникот на Општина Гази Баба (или секретарот на општината), за потребите на комисијата, може да ангажира и дополнителен број на службеници кои би биле во функција на работата на комисијата, а во интерес на граѓаните.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Бобан Стефковски

изготвил: Анита Илиевска Кузеска

контролирал: Васко Апостоловски